**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Елена Милушева Сапунциева, претседател на советот,Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Л.В од К, по одржаната расправа согласно член 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на Нотарот, на ден 14.5.2025 г., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот Л.В од К, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр. 651/23 на ден 21.11.2023 година, при приемот на приговорот против решението за издавање на нотарски платен налог НПН бр. 651/23 на ден 21.11.2023 година, на задната страна од приговорот наместо Штембилот за прием на писменото – Приемен штембил (Образец бр.3) ставила Штембил за потврдување на прием на списи (Образец бр. 21) од Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување, па на таков начин постапила спротивно на член 7 став (1) точка 3) од наведениот Правилник, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **писмена опомена.**

2.Нотарот ЛВ од К, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по членот 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што не ги уплатува судските такси во согласност со член 158 од Законот за нотаријатот, член 51 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите иímениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и член 3 од Правилник за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни

оператори или преку интернет, (пример, ОДУ бр. 209/22, ОДУ бр. 222/21, ОДУ бр.190/23, ОДУ бр. 132/23 и ОДУ бр. 148/23) поради што се изрекува дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

**Претседател на советот,**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;